USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# ОПИС НА МАКЕДОНИЈА



*Ученици од два различни краја на Македонија разговараат користејки ја компјутерската лабораторија и брза интернет врска обезбедени од УСАИД.*

## ПРЕГЛЕД



Соединетите Американски држави се заинтересирани за одржување на мирот и стабилноста во Македонија поради стратешката местоположба на Балканот. САД беа учесници во Рамковниот договор од 2001 година, кој што го доведе при крај конфликтот помеѓу побунетите етнички албанци и владините безбедносни сили. Главните цели на Македонија е да ја намали сиромаштијата, да ја оживее економијата и да создаде работни места и да ги олесни интер-етничките тензии. Во декември 2005, Советот на Европа го одобри кандидатскиот статус на Македониаја (но не го одреди датумот на кој ке започнат преговорите). САД го поддржува влезот на Македонија во ЕУ и НАТО, додека УСАИД се фокусира на економскиот развој, добро владеење и на образованието.

## ПРОГРАМИ

### ОБНОВА НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО

Високата невработеност, која што достигна стапка од 38.6% во 2005 година, е сериозно прашање за Македонија. Безбедносната криза во 2001 негативно се одрази на економијата. Спората приватизација, ниската стапка на инвестиции и продуктивноста во приватниот сеКтор, како и ниско квалификуваната работна сила го влошија проблемот. Поддршката на УСАИД е насочена кон подобрување на бизнис климата, ги прави приватните компании поконкурентни и ги зголемува странските директни инвестиции. УСАИД ги поддржува реформите за да го олесни стопанисувањето во Македонија со цел зголемување на нови бизниси и проширување на постоечките. Во земјоделскиот сектор, УСАИД ги поддржува производителите на месо, млеко, овошје и зелнчук и трговците со цел да станат профитабилни на домашниот и мегународниот пазар. Акцент е ставен на контрола на квалитетот и здрава храна, технолошки унапредувања, додадена вредност и подобрување на маркетингот. УСАИД исто така и помага на Националната месна и млечна асоцијација, Лабараторијата за контрола на квалитетот како и програмата за знак за квалитет да станат лидери кои ги промовираат интересите на овие индустрии.

### МАКЕДОНИЈА СТАНУВА БЕЗЖИЧНА

Со помош на УСАИД, во 2005 Македонија стана првата целосно “безжична” земја во светот. Безжичната мрежа го покри скоро секој дел од земјата. УСАИД обезбедува брз безжичен интернет пристап во секое основно и средно училиште во Македонија, како и во 50 канцеларии на локалната самоуправа и 30 невладини организации. Безжичната мрежа претставува конкуренција за монополот на Телеком во Македонија и веќе резултираше со намалување на цените за брз пристап на интернет.

**МАКЕДОНИЈА НАКРАТКО**

Независност: 1991 година
Население: 2 милиони
БДП по глава на жител: $2, 350

**За повеќе информации**
**http://macedonia.usaid.gov**

# ОПИС НА МАКЕДОНИЈА продолжение

## ПОМОШ ОД УСАИД ЗА МАКЕДОНИЈА




Процент од буџетот за 2006 за секоја област




Демократија и владеење: $10,161,600
Економски Развој: $9,720,915
Образование: $7,563,924

**КОНТАКТ ЗА ИНФОРМАЦИИ**

Тим Донеи
ВД Директор на Мисијата
Тел: +389-2-30800446

Локална адреса
Јуриј Гагарин 15/3,
1000, Скопје
Република Македонија

Контакти во Америка
Роберт А. Соренсен
Одговорен за мисијата во Македонија
Телефон: (202) 712-4632

State Department - УСАИД
7120 Skopje Place

## ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Патот на македонија за членство во Европската Унија напредува. Како и да е, довербата на јавноста во владата е многу мала, најмногу поради високиот степен на корупција. Резултатите од испутувањето на јавното мислење спроведено во 2005, покажаа дека само 34% од македонсите граѓани веруваат дека владата е ефективна. Со цел да промовира подобро владеење, УСАИД се фокусира на зголемување на граѓанското учество на сите нивоа на власта. Програмата на УСАИД за граганско општество поддржува македонски невладини организации кои се успешни во претставувањето на граѓанските интереси и во барањето одговорност од владата . УСАИД работи со Парламентот со цел тој да стане понезависна и професионална гранка на власта, како и да донесува квалитетни закони со вклучување на учеството на граѓаните. УСАИД работи на градење на капацитетот на локалните власти за да можат да ги преземат зголемените одговорности произлезени од процесот на децентрализацијата и ефикасно да ги вклучат граѓаните во донесувањето одлуки. УСАИД исто така работи на јакнење на владеењето на правото преку помош на владата за спроведување на реформи во судството, кои вклучуваат зголемување на ефикасноста на судовите и усогласување на законите кои се однесуваат на судството со европските стандарди.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ

~~Бидејќи Македонија се подготвива за влез во ЕУ, мора да продолжи со подобрување на образовниот систем, да го зголеми пристапот до образование на малцинствата и лицата со посебни потреби, како и да обезбеди наставни програми кои се релевантни за потребите на модерната економија. Активностите на УСАИД имат за цел учениците да се здобијат со вештини кои им се потребни за да конурираат на пазарот на работна сила. Сите основни и средни училишта во Македонија се опремени со компјутерски лаборатории и УСАИД ги обучува наставниците да ги користат компјутерите како наставно помагало, како да користат интерактивни наставни методи кои што се свртени кон ученикот. Со помош на УСАИД, средните стручни училишта изградија соработка со бизнис заедницата која води до нови вработувања. УСАИД помогна да се создаде приватниот, акредитиран, мулти етнички и повеќејазичен Универзитет на Југо Источна Европа. УСАИД сега работи со студентите од УЈИЕ на подобрување на нивните деловни, комуникациски и компјутерски вештини. За подобрување на статусот на Ромите, УСАИД обезбедува стипендии, наставници-ментори, како и подучување на ромски ученици од предучилишна возраст, од основно и средно образование, како и студенти од државните факултети.~~ Проектот на УСАИД за Основно Образование е пет годишна програма која има за цел подобрување на основното образование во Македонија. Програмата се состои од пет компоненти: зголемување на пристапот и употребата на информатичката и комуникациска технологија во наставата; подобрување на системот на оценување; подобрување на наставата по математика и природните науки; подобрување на подготвителната година и реновирање на избрани основни училишта.